## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**1452.**

Врз основа на член 10 став (4) од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ("Службен весник на Република Македонија "бр. 140/10), министерот за животна средина и просторно планирање, во согласност со министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ОЗНАЧУВАЊЕ, НА БАТЕРИИТЕ И АКУМУЛАТОРИТЕ И НА БАТЕРИСКИТЕ ПАКУВАЊА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА СИМБОЛОТ ЗА ОДДЕЛНО СОБИРАЊЕ КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ХЕМИСКИОТ СИМБОЛ ЗА МЕТАЛИ ([*])

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на означување, на батериите и акумулаторите и на батериските пакувања, формата и содржината на симболот за одделно собирање како и формата и содржината на хемискиот симбол за метали.

Член 2

(1) Батериите и акумулаторите и батериските пакувања се означуваат со симбол за одделно собирање.

(2) Формата и содржината на симболот за одделно собирање на батерии, акумулатори и батериски пакувања е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Симболот за одделно собирање зафаќа најмалку 3% од површината на најголемата страна на батеријата, акумулаторот или батериското пакување, до максимална големина од 5 x 5 см.

(4) За батерии во форма на цилиндер, симболот од став 1 на овој член зафаќа најмалку 1,5% од површинскиот дел на батеријата или акумулаторот и е со максимална големина од 5 x 5 см.

(5) Доколку поради големината на батеријата, акумулаторот или батериското пакување симболот од став 1 на овој член е помал од 0,5 x 0,5 см, не е потребно означување на батеријата, акумулаторот или на батериското пакување, но на пакувањето се печати симболот од став 1 на овој член со најмала големина од 1 x 1 см.

Член 3

(1) Батериите и акумулаторите и батериите во форма на копче кои содржат повеќе од 0,0005% жива, повеќе од 0,002% кадмиум или повеќе од 0,004% олово, се означуваат со хемиски симбол за односниот метал:жива (Hg), кадмиум (Cd) или олово (Pb).

(2) Хемискиот симбол од став 1 на овој член кој ја покажува содржината на тешки метали се печати под симболот од член 2 на овој правилник и зафаќа површина од најмалку една четвртина од големината на симболот.

(3) Хемискиот симбол за метали е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" а ќе отпочне да се примнува од 01.01.2012 година.

Бр.07-930/7
18 март 2011 година
Скопје

Министер за животна средина и просторно планирање
Др.**Неџати Јакупи**, с.р

Министер за економија
Д-р.**Фатмир Бесими,** с.р

**Прилог 1**



**Прилог 2**




[*] Со овој Правилник се врши усогласување со Директива на Европскиот Парламент и на Советот од 6 септември 2006 година за батерии и акумулатори и за отпадни батерии и акумулатори и за укинување на Директивата 91/157/ЕЕЗ , CELEX 32006L0066